**20121643911**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 92/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2012 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА КОИ ЗДРАВСТВЕНАТА УСТАНОВА МОЖЕ ДА ГИ ДОБИЕ ЗА ИЗДАДЕНИ ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на средствата на Фондот („Службен весник на Република Македонија“ број 33/2010, 44/2010, 65/2010, 127/2010, 33/2011 и 181/2011) во член 3 став 1 алинеа 2 по зборовите „скапи лекови“ се додаваат зборовите „лекови кои ги пропишуваат лекарите во дежурната служба“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-22422/4 | Управен одбор |
| 7 декември 2012 година | Претседател, |
| Скопје | **Елена Трпковска,** с.р. |